## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Резултатите од анализата на дигиталниот индекс покажуваат дека најзастапени типови од дигиталниот индекс кај испитуваните предшколски деца се: тип 1 со 67,8%, тип 3 со 14,4% и тип 2 со 10,1%.

2. Кај најзастапените типови на дигитален индекс (тип 1,3 и 2) постои назнатно отстапутање на фреквенцијата на дигиталниот индекс, односно застапеноста на овие типови кај машките деца во однос на женските и тоа за 2—3 процентни поени. Така, учеството на тип 1 кај машките деца се разликува за 3,2% во однос на женските (69,3 спрема 66,1%, а тип 2 и тип 3 повеќе учествуваат кај женските деца во однос на машките за 2,7% односно 1,8% (11,52% спрема 8,82% и 15,36% спрема 13,54%).

3. Останатите три типа на дигитален индекс (тип 4, 6 и 7) многу помалку се застапени во однос на првите три типа или вкупниот процент на учество е 7,53% (тјп 4 со 3,14%, тип 6 со 3,18% и тип 7 со 1,21%).

И кај машките и кај женските деца на испитуваната возраст сосема ретко се среќава петтиот тип на дигитален индекс, односно оваа појава е регистрирана само кај две деца или вкупно учество од само 0,17%.